**20120631795**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 69-е став 6 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,1 8/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 5 април 2012 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ОТВОРАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ДЕВИЗНИ СМЕТКИ ВО РАМКИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ГЛАВНА КНИГА НА КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со овој Правилник, се уредува начинот на отворање на девизни сметки на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на дејноста на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување (во натамошен текст: јавни здравствени установи).

Член 2

Јавните здравствени установи до Народната банка на Република Македонија поднесуваат барање за отворање на девизна сметка.

Кон барањето од став 1 на овој член потребно е да се достави копија од договорот за донација или кредит или друга документација, врз основа на која се бара отворање на девизната сметка.

Член 3

Јавните здравствени установи имаат обврска да достават до Трезорот на Фондот известување за сите отворени девизни сметки во Народна банка на Република Македонија.

Член 4

Јавните здравствени установи за отворање на девизна сметка до Народна банка доставуваат и решение за овластени потписници на девизната сметка за користење на девизните средства.

Член 5

Јавните здравствени установи за користење на девизните средства од девизната сметка, задолжително отвораат денарска сметка во рамки на здравствената трезорска сметка.

Остварениот прилив на средства на девизната сметка од став 1 на овој член, по налог на јавната здравствена установа, Народната банка во денарска против вредност го пренесува на денарската сметка од став 1 на овој член.

Член 6

Јавните здравствени установи треба во рок од осум дена по целосното завршување на проектот за кој е отворена девизната сметка, да поднесат барање до Народна банка за затворање на девизната сметка.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на отворање и водење на девизни сметки во рамките на здравствената главна книга на корисниците на средства од Буџетот за финансирање на дејноста на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 154/2010).

Бр. 02-5573/28
5 април 2012 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Јован Грповски,** с.р.